**20192774392**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2020 година.

Со оваа програма се планира финасирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 105.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Сопиште,
- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Василево,
- изведување на градежни работи за реконструкција со адаптација на постоечки простор на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Делчево,
- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Струмица,
- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Гостивар,
- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Ѓорче Петров,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гостивар с. Бањица,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Свети Николе,
- изведување на градежни работи (машински инсталации) и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Илинден,
- изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Чаир,

II. Во 2020 година со средствата од Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за детска заштита за проекти започнати во 2019 година.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и по потреба доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10510/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.